Заради зачувување на достоинството на професијата и развивање и унапредување на моралните вредности на академската заедница, поттикнати од длабоките уверувања во вредноста, знаењето и свеста за одговорноста на универзитетските наставници, соработници и истражувачи, како и останатите вработени на Меѓународниот Универзитет во Струга, Универзитетскиот сенат на седницата одржана на 15.03.2019 година, го донесе селдниов:

## Кодекс за етичко однесување на академскиот кадар

Од членовите на академскиот кадар назначени според одредбите на Законот за високото образование се очекува да се однесуваат во согласност со следниве принципи добиени од меѓународни извори:

интегритет; чесност; вистина; транспарентност; почитување на другите; доверба; отчетност; праведност; правичност, правда и социјална правда; несебичност; објективност; отвореност; лидерство; академска слобода.

Наведениве принципи се однесуваат на нивните односи со
(i) управниот орган, раководниот и другите органи во институцијата,
(ii) друг академски кадар и кадар за поддршка
(iii), студенти и
(iv) сите други лица или групи кои се поврзани со договор или по некоја друга основа или според интерес за работата на институцијата.

### 1. Општо

Интересите на институцијата се поставуваат над сопствените интереси и никој не треба да профитира од своите позиции поинаку од она како што е предвидено со важечкото законодавство; сите треба да бидат посветени на институцијата и да се грижат за нејзиниот углед.

- Не треба да се прифати ниту едно наложување однадвор за да се делува или да се воздржува од делување на одреден начин од која било личност од повисок орган или од која било политичка партија, синдикат или религиозна група, освен ако тоа е дозволено со законите кои се во сила.
- Во врска со кое било лице или група во рамките на или надвор од институцијата, членовите на академскиот кадар не смеат да бараат или да прифатат мито или други незаконски финансиски средства, или да бараат или да прифатат друга лична услуга, што може да влијае врз нивната работа, туку веднаш мора да пријават обид за поткуп или нудење лична услуга до надлежниот орган одреден во правилниците на институцијата, која е должна да преземе соодветни делувања.

- Тие треба да се осигурат дека сите лица што се под нивна надлежност се запознаени со релевантното законодавство и со правилниците и последиците од неусогласеноста и да промовираат етичко однесување.
- Тие имаат право да пријават какво било наводно непочитување на важечкото законодавство или на етичките принципи доверливо до надлежниот орган без негативни лични последици, прифаќајќи дека за секоја информација која ќе се докаже како лажна ќе се поведе дисциплинска постапка.
- Тие не смеат да ги злоупотребуваат ресурсите на институцијата или личните или комерцијалните информации што ги поседуваат, вклучително и на интелектуалната сопственост, за лична корист или за кое било друго лице или за која било група.
- Тие мора да бидат посветени на индивидуална чесност и отчетност на факултетот / одделот.

**2. Избор во звање и унапредувања**

- Членовите на академскиот кадар треба да доставаат писмена изјава до ректорот, со која ќе го извести Одборот за изјавата, кога тие или кој било член на нивното потесно семејство имаат личен интерес за прашања што влијаат врз нивната работа - човечки ресурси (вклучително и процесот на избор во звања и унапредувања), финансиски, договорни или други релевантни работи.
- Кога учествуваат во процесот на избор во звање, унапредување или во други комисии кои имаат влијание врз академскиот кадар, мора да се однесуваат според горенаведените етички принципи.

**3. Научно истражување**

- Кога учествуваат во истражувачки активности, тие не смеат да се вклучуваат со плагијаризам, не смеат да ја припишуваат работата на другите како своја, не смеат да ги фалсификуваат резултатите и треба да ги почитуваат етичките принципи во врска со заштитата на личните податоци и другите специфични принципи во одредени тематски области во согласност со правилниците на институцијата (на пример, во медицинските и ветеринарните науки и социолошкото истражување).

**4. Испити и оценување**

- Кога учествуваат во комисии или во други тела кои се поврзани со упис, оценување, испитување и други активности што се однесуваат на студентите и во индивидуални и групни активности со студентите, мора да се однесуваат според гореутврдените етички принципи.

**5. Меѓучовечки односи**

- Сите членови на академскиот кадар се посветени на истите цели и треба да ги почитуваат истите етички, човечки и работни вредности. Сите тие се колеги. Тие треба да си помагаат едни на други во научните и во образовните активности.
- Тие треба да комуницираат меѓу себе учтиво и да имаат меѓусебна почит на личноста, работата, ставовите; треба да ги ценат своите достигнувања објективно; тие треба да покажат соодветна почит кон сите засегнати страни.
- Пожелно е да се користи терминот „колега“ кога се обраќаме едни со други. Членовите на академскиот кадар користат учтива форма (второ лице множина на локалните јазици), но доколку се блиски, можат да користат второ лице еднина. Се препорачува да се биде реципрочен во овој поглед.

**6. Кодекс на облекување**

- Соодветна и пристојна облека и изглед е пожелно за време на периодите кога има настава и формален изглед за одбраните на тези и за официјалните настани на Универзитетот.

**Овие норми на Кодексот на однесување на Меѓународниот Универзитет во Струга се задолжителни за сите членови на академскиот кадар. Тие се обврзуваат себеси дека ќе ги негуваат и ќе ги извршуваат како своја должност и како дел од својата академска кариера.**

**Струга, 15.03.2019** **Претседател на Сенат**

-----------------------------------------------

**Доц. Д-р Назмије Мерко Забзун с.р.**